Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1) алинеја 5, а во врска со член 134 став 6) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации објавува

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЈАВНА РАСПРАВА И СТАВ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на пристигнато барање на Македонски Телеком бр. 0804-3576/1 од 22.11.2018 година, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на веб страната на АЕК и во два дневни весника на 19.12.2018 година објави намера за спроведување постапка на јавен тендер со јавно наддавање за издавање на ограничен број на одобренија за користење на радиофреквенции со цел да овозможи јавна расправа по објавениот број на одобренија за користење на радиофреквенции.

Во намерата АЕК објави дека планира да додели едно одобрение за користење на 2x15 MHz радиофреквенциски опсег (1965-1980/2155-2170 MHz) на целата територија на Република Македонија, со времетраење на одобрението од 9 години и најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции да изнесува 9 милиони ЕУР.

За време на јавната расправа којашто траеше до 20.01.2019 година, пристигнати се три писма на интерес од заинтересирани страни:

- Македонски Телеком АД-Скопје,
- Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје и
- Yellow Mobile B.V.

АЕК ги објави пристигнатите коментари во писмата на интерес од заинтересираните страни и одговорот на коментарите на веб страната на 29.01.2019 година.

Зинтересираните страни во текот на јавната расправа дадоа свои предлози за висината на еднократниот надоместок и начинот на негово плаќање. Постоечките оператори во Македонија, Македонски Телеком и оне.Вип предложија висина на еднократен надоместок од 3 милиони евра со начин на плаќање на три годишни рати. Yellow Mobile, како можен трет мрежен оператор предложи да не плаќа еднократен надоместок.

Анализирајќи ги постапките спроведени во другите европски држави, АЕК дојде до заклучок дека во Словенија, како држава која по конфигурација е многу слична со Македонија, во 2016 година е доделено едно Одобрение од 2x5 MHz во опсегот 2100 MHz во времетраење од 5 години по цена на еднократен надоместок во висина од 1.35 милиони евра. Ако се земе во предвид дека во Македонија се доделуваат 2x15 MHz за времетраење од 9 години тогаш висината на еднократниот надоместок би изнесувала 7.29 милиони евра.

Имајќи ги во предвид почетната предложена висина на еднократен надоместок од 9 милиони евра од страна на АЕК, предлозите на постоечките оператори во Македонија и висината на еднократниот надоместок во Словенија, ставот на АЕК е дека ќе предложи до Владата на Република Македонија висината на еднократниот надоместок да изнесува 7.2 милони евра на 3 годишни рати и тоа по 2.4 милиони евра годишно.

Бидејќи применеиот број на писма за искажување на интерес (три) е поголем од објавениот број на одобренија за користење на радиофреквенции (едно) што ќе се издаваат, согласно член 134 став 6 алинеја 1 од ЗЕК, АЕК ќе објави јавен тендер со јавно наддавање.

Скопје, 29/01/2019 Агенција за електронски комуникации